Одбележувајќи ги двата големи јубилеи од борбата на македонскиот народ за слобода, ШКВ Скопје72 со голема почит кон борците кои ги дадоа своите животи за слободата на Македонија, го објавува **ПЕТТИ** шаховски фестивал на ветерани под мотото **„Незаборав за хероите 1941-1944“**. Во рамките на Фестивалот ќе се одржат три турнири на кои ќе се натпреваруваат шаховски ветерани С60, а победниците се стекнуваат со титула Шаховски првак на Скопје за ветеранска категорија „С60“ (шахисти родени 1966 или порано) и тоа:

- Ветерански првак во блиц шах (5‘ + 3“)
- Ветерански првак во рапид шах (15‘ + 10“)
- Ветерански првак во стандард шах (90‘ + 30“)

Сите турнири се рејтингуваат (регистрираат) во Меѓународната шаховска федерација ФИДЕ.

Врз основа на горенаведеното, се донесува следната

О Б Ј А В А

на ВЕТЕРАНСКИ ШАХОВСКИ ТУРНИР во СТАНДАРД темпо

Турнирот ќе се одигра во 7 кола, швајцарски систем, со право на учество на шаховски ветерани С60 кои се на листата на македонската шаховска Федерација.
Турнирот ќе се игра од **7. до 13. Ноември 2026** г, со почеток секој ден во **11ч**. во просториите ШК Алкалоид, на улица „Јордан Мијалков“ бр.40 (Железничка) во Скопје,

- Организациониот одбор го сочинуваат: Љубомир Хаџи-Манев, Влатко Бужаровски, Драган Наунов
- Директор на турнирот: Илија Стошевски
- Играчите ќе имаат по 90 минути за партија со додавање 30 секунди по потез почнувајќи од првиот.
- Турнирот ќе се рејтингува во ФИДЕ
- Судија на турнирот: Вахидин Исмаили, ФИДЕ судија, помошник судија: Љубомир Хаџи-Манев НА.

Распоредот на турнирот:

- Потврда на пријавата (лично) на 7 ноември заклучно до 10.30 ч.,
- Првото коло ќе започне веднаш после свеченото отворање.
- Дозволено закаснување на партија е 30 минути.
- Во првите четири кола дозволен е слободен ден со доделување половина поен.
- Прогласување на победници и доделување на наградите ќе биде веднаш по завршеток на последното коло на 13.Ноември.

Придонес на учесниците кон техничката организација и наградниот фонд изнесува минимално 1.000 денари, според можностите на учесниците. Со оглед на ограниченият простор, Организациониот Одбор го задржува правото за објавување на дефинитивна листа на учесниците.

Наградниот фонд изнесува 40.000 денари, распореден во пет награди:
I. 12.000 ден., 10.000 ден., III. 8.000 ден., IV. 6.000 ден., V. 4.000 ден.
При делба на место, редоследот на наградените се одредува според: 1. Бухолц -1, 2. Бухолц, 3. Прогрес, 4. Меѓусебна средба

Победникот се стекнува со титула **Ветерански првак на Скопје за 2026 година во категорија – стандард,** и ќе добие пригоден пехар, а првите тројца добиваат Признанија.

Изненадување за играчите и посетителите на отворањето – презентација на **Артефакти од Олимпијадата Скопје 1972.**
Ги поканuваме шаховските ветерани од град Скопје да се пријават за турнирот. Контакт телефоните 074 / 205-236 – Илија Стошевски и 070/267-565 – Љ.Хаџи-Манев или на е-меил: veterani.skopje72@gmail.com

Ветерани, ве очекуваме на турнирот!

Скопје, 30.9.2026

ШКВ Скопје72
Претседател, Инж. Илија Стошевски, ср